СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

---

*работилница на тема*

# ДЕТСКИ ПАРЛАМЕНТ

*за ученици од*
*основните училишта во Република Северна Македонија*

Содржините за работилницата се развиени и реализирани од Одделението за едукација и комуникација во Парламентарниот институт на Собранието на Република Северна Македонија

**<u>Општи информации</u>:**

Парламентарниот институт е посебна организациона единица во Службата на Собранието на Република Северна Македонија, кој функционира како центар за истражување, едукација и информирање, воспоставен на принципите на непристрасност, достапност и кредибилитет.

Парламентарниот институт, помеѓу останатото, спроведува активности за едукација и информирање на граѓаните за работата и улогата на Собранието (согласно својата стратешка цел за Отворен парламент).

Во таа насока, во текот на годината, планирано е да се организираат две работилници за ученици од основните училишта во Република Северна Македонија на тема **„Детски парламент“**, по една во секое полугодие. Детскиот парламент претставува посебна програма на Одделението за едукација и комуникација на Парламентарниот институт која ќе се спроведува како работилница во времетраење од пет и пол часови. Работилницата е наменета за ученици од IX одделение кои ги изучуваат содржините поврзани со управувањето со општеството и власта во Република Северна Македонија по наставниот предмет „Граѓанско општество“.

**<u>Опис на работилницата „Детски парламент“</u>**

Работилницата е замислена да се спроведува во вид на семинар со времетраење од пет и пол часови. Во текот на работилницата, преку интерактивни сесии и практични вежби, учениците ќе имаат можност да ги утврдат или прошират своите знаења за демократијата, работата на Собранието, правата и должностите на пратениците, како и да се стекнат со вештини за дебатирање и презентирање на сопствените аргументи.

Работилницата започнува со организирана обиколка низ свечениот дел на зградата на Собранието, која вклучува посета на салата Македонија (пленарна сала), салата Борис Трајковски, Охридската сала, салата Длаборез и други простории. Преку обиколката, учесниците имаат можност одблиску да го запознаат просторот во кој работат пратениците во Собранието на Република Северна Македонија.

Првата сесија вклучува средба со пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, со што им се овозможува на учениците преку директна средба да им поставуваат прашања и да разговараат со пратениците за нивната работа и улога во демократскиот процес на Република Северна Македонија. Со цел учениците од сите училишта да добијат можност да постават прашање, секое од училиштата кои ќе учествуваат, номинира еден ученик кој ќе го постави прашањето до пратениците. По исцрпување на листата на номинирани ученици, секој учесник ќе може да постави прашање по принципот „прв пријавен, прв услужен“, сè до истекот на времето предвидено за сесијата.

Како дел од подготовките за учество на Детскиот парламент, учесниците имаат обврска да изработат пано со порака до пратениците претставена низ мисла, стих или цртеж. На овој начин учениците ќе имаат можност да ја развиваат својата креативност. За време на работилницата, изработените паноа ќе бидат презентирани пред останатите учесници и пред присутните пратеници.

Главниот дел на Детскиот парламент е замислен како симулација (игра на улоги) на седница на Собранието, во која во улога на пратеници ќе се најдат учениците. Играта на улоги им дава несекојдневна можност на учениците да почувствуваат како е да се биде законодавец, „да влезат во чевлите на пратениците“, да дискутираат и да гласаат за одредено законско решение. На овој начин, учениците ќе го прошират своето знаење во врска со дебатирањето, обидувајќи се да најдат издржани аргументи со кои ќе се поддржи или побие понуденото решение. Преку ова, на учениците им се овозможува да ги развиваат своите комуникациски и реторички вештини. Со цел учениците од сите училишта да добијат можност да се вклучат во дебатата, секое од училиштата кои ќе учествуваат, номинира еден ученик кој ќе го презентира својот став пред останатите учесници. По исцрпување на листата на номинирани ученици, секој учесник ќе може да се јави за збор по принципот „прв пријавен, прв услужен“, сè до истекот на времето предвидено за сесијата.

На сите ученици кои се дел од Детскиот парламент, како и на наставниците кои ги придружуваат учениците, ќе им се додели сертификат за учество.

| | |
|---|---|
| **Општа цел на работилницата:** | Приближување на работата на Собранието на Република Северна Македонија до младата популација, што ќе придонесе за развивање на нивната свест за демократијата и човековите права и ќе ги поттикне и подготви за општествена и политичка критичност и вклученост. |
| **Број на учесници:** | 15 училишта, бројот на учесници од едно училиште е четири ученици и еден наставник |
| **Време:** | Два пати во годината |
| **Место:** | сала „Борис Трајковски“ во Собранието на Република Северна Македонија |
| **Јазик:** | македонски јазик со обезбеден превод на албански јазик |
| **Обучувачи:** | Работилницата ќе биде реализирана од страна на обучувачи од Одделението за едукација и комуникација во Парламентарниот институт. |
| **Трошоци:** | Учеството на работилницата е бесплатно и вклучува бесплатни едукативни материјали, оброк и освежување за време на работилницата. Трошоците за транспорт од/до местото на работилницата ги покриваат самите учесници. |
| **Начин на пријавување:** | Секое училиште кое ќе се пријави да учествува, номинира четири свои ученици кои ќе учествуваат на работилницата и еден наставник кој ќе ги придружува. Пријавувањето се врши преку софтверската платформа за пријавување: seminari.sobranie.mk |
| **Контакт:** | e-mail: parl.inst@sobranie.mk<br>тел: 02/3182-227 |

**Посебни цели на работилницата:**

На крајот на работилницата, учесниците ќе бидат во можност:

- да се запознаат со просторот во кој работи Собранието;
- да ги идентификуваат основните надлежности на Собранието и да имаат основни познавања за процесот на донесување закони;
- да се запознаат со правата и обврските на професијата пратеник;
- да се стекнат со пошироки познавања за темата за која ќе се дебатира;
- да стекнат вештини за успешно дебатирање и презентирање на сопствените аргументи;
- да разберат што значи да се биде активен граѓанин во општеството и како можат да дадат свој придонес во демократските процеси во земјата.

За постигнување на овие цели, работилницата ќе ги опфати следните **содржини:**

| содржини | времетраење |
| --- | --- |
| Организирана обиколка на зградата на Собранието | 60 минути |
| Средба со пратеници | 50 минути |
| Презентација на изработените креативни паноа - порака до пратеник изразена низ мисла, стих, цртеж | 45 минути |
| Игри на улоги - улога на пратеник на тема „Замена на класичните учебници со електронски“ | 90 минути |
| Евалуација на работилницата и доделување на сертификати за учество | 30 минути |